Не се случило само она што не било во весниците

# ШТИПСКИ Глас

Штипски месечник

Број 163

Јули 2026 г.

цена 20 денари,

**Проф.д-р Билјана ЕФТИМОВА, претседател на Управниот одбор на Клиничка болница Штип**



## Ургентниот центар во Штип – побрза и подобро организирана помош за пациентите

Quehenberger logistics

AKTIVA

ДЕУС ОПТИК
СИТЕ ВИДОВИ НА ДИОПТРИСКИ И СОНЧЕВИ НАОЧАРИ И БЕСПЛАТНО КОМПЈУТЕРСКО ОДРЕДУВАЊЕ НА ДИОПТРИЈА

EAM T-SHIRT INDUSTRY



ИНТЕРВЈУ

**Проф д-р Татјана Бошков,**
**професор на Факултетот за туризам при УГД и заменик-претседател на Советот за туризам при Министерството за култура и туризам на Македонија.**

## ИСТОЧНИОТ РЕГИОН НА МАКЕДОНИЈА

## МЕЃУ СТРАТЕШКИОТ ПОТЕНЦИЈАЛ И ЕКОНОМСКАТА РЕАЛНОСТ

КУЛТУРНО НАСЛЕДСТВО



Д-р Митко Штерјов

## Брегалничката Епископија и катедралната црква во Крупиште во светлината на археолошките истражувања

ИНТЕРВЈУ

## Марија ВОДЕНСКА:
**Без љубов, човек е како дрво кое само еднаш цвета во годината и не дава плод**

ЌЕЖОВИЦА




БАРГАЛА



ИСАР





## ТУРИСТИЧКИ ПОТЕНЦИЈАЛ НА ИСТОЧНИОТ РЕГИОН

Иван Бојаџиски



# Вријат грешните, ама вријат и чесните, нешто мора да менуваме...

Минуваме низ еден, од аспект на времето, пеколно топло лето. Има разни толкувања зошто ни се случува тоа што ни е летно секојдневие во 2026 година. Едни тврдат дека сами сме си криви што во временскиот котел вријат како грешните исто така и чесните, зашто не сме знаеле и не знаеме да си ја сочуваме природата, нашата единствена, неверојатно убава животна средина. Други се на мислење дека Господ Бог само сака, и на ваков начин, да не искушува и да види дали човекот може, покрај убавините во животот, да издржи и поголема болка односно да искуша да ли човекот е достоен за живот на планетата Земја.

Како и да е ова лето исполнето со пеколни горештини под сенка, а уште повеќе и на сонце ни е најголемата опомене дека нешто мора да менува во нашите животи. А тоа „нешто“ што треба да се менува тоа сме ние, луѓето. Изгледа дека „најумното“ суштество кое живее на земјината топка, не успеа да сфати дека сам си го уништува својот дом.

Ова лето имаме и најголем број докази за тоа.

Европа е во пламен. Гори Шпанија, гори Франција, Грција, по малку гореше и Македонија, а и нешто околу нашиот Штип. За пожарите кои однесоа стотици и стотици илјади хектари прекрасни шуми кои ни го даваат најважното погонско гориво за да можеме да дишеме, значи да живееме, се жртви на човечкото невнимание, а во поедини случаи и на човековата злоба. Во тие страотии загина и мал милион разновидни животни кои заминаа од овој свет во тешка мака. Во добар дел случаи надлежните утврдиле дека за страотните пожари виновно е нивното намерно палење.

Опомената е тука. Можеби и на време.

Пеколното лето од кое дури и смртно страдаат луѓе, страотните пожари, ни се најголемата, а можеби и последна опомена пред „исклучување“ од животот воопшто дека ние (под „ние“ мислам на сите 7,5 милијарди луѓе во нашата заедничка куќа планета Земја), многу повеќе мора да се свртиме кон едукација пред се на младата популација во однос на тоа како треба квалитетно да се чува, негува и унапредува животната средина. Уште од основно училиште да ги учиме децата на љубов кон природата и на тоа како таа (природата) треба да се надградува и уште повеќе да се чува. Најголем дел од часовите да се одвиваат во природа, како еден вид нагледна настава. Потоа: секој полнолетен граѓанин да засади едно, две сто дрвца на својот имот, во својот двор и да остане за цел живот негов посветен заштитник.

Во таа смисла имам еден личен пример од моето учество во политиката на градот. Имено, како советник во Советот на Општина Штип пред седум-осум години покренав идеја во викенд населбата Плуждино каде што живеам над 30 години, да се изгради водовод и да се донесе вода, ама некои експресно и јавно ме обвинија за себичност. Мојот одговор беше дека себичноста одамна сум ја исфлил од својот живот и дека, во случајов, се работи за мој личен однос пред се и над се кон животната средина, зашто е познато дека без вода нема живот ниту за човекот, а ниту за флората и фауната.

А, имено. Моето инсистирање вода да стигне до секоја куќа, до секој двор пред се беше инспирирано од катастрофалните промени кои ги гледам секојдневно во нашата животна средина. Говорев дека ако една населба добие вода тоа, покрај другото, ќе значи и засадување на илјадници и илјадници садници, дека секој домаќин кој има куќа таму прво што ќе направи ќе набави млади садници не само за својот двор туку и за голата негова околина. Сметав вака: ако секој од сопствениците на над 250 куќи кои ги има само на тој простор засадат по сто дрвца (јас имав засадено 145 но 120 ги однесе сушата и мојата шума не заживеа, а мојот кислород не можев да го дарувам на човештвото) тоа се 25.000 нови „фабрики“ за кислород, и стотици хектари разубавена околина близу градот.

*Едукација на младите пред се за тоа како се надградува, чува и негува животната средина ни е потребна ургентно. Инаку некое идно лето начисто ќе изгориме...*

Но, да се вратам на почетокот.

Пред шеесеттина години нашата Македонија имаше многу подобра кинематографија од денес. Во тоа време беше снимен и играниот филм „Републиката во пламен“ (премиера 1969) по сценарио на Љубиша Георгиевски, а главната улога ја играше Ристо Шипков. Тоа е филм за Илинденското востание, а на него се сетив по сведочењето кое го имав годинава за Европа во пламен и за неверојатните загуби кои ги претрпевме, а и уште ги трпиме на Стариот Континент.

За никогаш повеќе да немаме лето како ова мора да се менуваме луѓе! Инаку сите ќе изгориме во некое идно лето кога и Републиката нема да биде поштедена од пламнот кој голта се пред себе.

# Ургентниот центар во Штип – побрза и подобро организирана помош за пациентите




**Проф.д-р Билјана ЕФТИМОВА,** претседател на Управниот одбор на Клиничка болница Штип

***Штипската Клиничка болница наскоро добива Ургентен центар. За значењето на оваа новост во работата на најголемата регионална здравствена институција разговараме со проф.д-р Билјана Ефтимова, претседател на УО на болницата.***

**►Доктор Билјана, поради кои потреби и кога се роди идејата за отворање Ургентен центар во Клиничка болница – Штип?**

Идејата произлезе од реалната потреба на нашиот регион бидејќи Клиничка болница – Штип е здравствен центар за граѓаните од Источниот и Југоисточниот регион на кои секојдневно како пациенти им е потребна брза и навремена медицинска помош. Досега функциониравме преку дежурна амбуланта која ги згрижуваше итните случаи, но со УЦ се добива подобро организирана и соодветна служба за пациентите од Штип и Источниот регион.

**►Клиничка болница – Штип се грижи за околу 250.000 граѓани од двата региона. Што ново ќе донесе Ургентниот центар?**

Пред сѐ, ќе донесе подобра и побрза реакција бидејќи кога пациентот доаѓа во итна состојба, најважно е брзо да се процени колку е сериозна состојбата и што треба да се направи понатаму. Ургентниот центар ќе овозможи тој процес да биде поорганизиран и подобро координиран.

**►Има дилеми меѓу дел од граѓаните во однос на тоа која е разликата меѓу Ургентниот центар и Брзата помош?**

Тоа се две различни, но поврзани служби.Брзата помош доаѓа кај пациентот на местото на настанот, го згрижува и го транспортира до болница. Ургентниот центар, пак, е сместен во болницата и е место каде пациентот се прима, се проценува, се дијагностицира и се започнува со негово лекување.

**►Каде ќе биде сместен Ургентниот центар и каде ќе се изведуваат операциите?**

До ставањето во функција на новата болница, Ургентниот центар ќе функционира во рамките на постојниот болнички комплекс, на местото каде до сега беа дежурните амбуланти .Важно е да се објасни дека во УЦ ќе се изведуваат само одреден број мали интервенции. Пациентот прво се проценува и стабилизира, а доколку е потребна интервенција,операција, се сместува во болницата и ќе се користат постојните капацитети и опрема на болницата, а според потребите ќе се обезбедува и дополнителна опрема за подобро функционирање на Центарот.

**►Ургентните центри работ 24 часа, седум дена во неделата. Дали тоа значи повеќе работа за медицинскиот кадар?**

Кај нас и досега имаше 24 -часовна медицинска услуга организирана со дежурна амбуланта, но со УЦ ќе имаме поинаква организација и подобра координација на сите кои учествуваат во згрижувањето на итниот пациент. Секако, со развојот на Центарот ќе се следат и потребите за кадар, за да може работата да се одвива квалитетно и безбедно и за пациентите и за здравствените работници.

**►Ќе се изведуваат ли и операции во Ургентниот центар?**

Како што реков во УЦ нема да се изведуваат хируршки операции,тој е наменет за првично згрижување и процена на пациенти со итни состојби, повреди и трауми, односно акутни состојби кај кои е потребно итно лекување.Најважно е пациентот брзо да биде прегледан и да се донесе правилна одлука – дали е потребна итна операција, конзервативен третман, прием на одделение или понатамошно упатување.

> ***"Ургентниот центар треба да донесе поголема достапност, подобра координација и побрза медицинска помош за граѓаните од целиот регион. Тоа е голем чекор за Клиничка болница – Штип и за здравствената заштита во Источниот и Југоисточниот регион."***

**►Да ли Центарот ќе биде во служба на сите возрасни групи?**

Да, секако, најважно е секој пациент кој има итна потреба да биде навремено препознаен и соодветно згрижен.

**►Ќе има ли овој Центар посебен раководен кадар?**

За да функционира добро, мора да има добра организација и точно одредени одговорности и координација на работата, особено затоа што во Ургентниот центар се поврзуваат повеќе медицински специјалности и служби.

**►Да ли се наметнува потреба од нови вработувања?**

Секој нов здравствен капацитет бара и соодветен кадар но засега ќе работиме со постоечкиот. Во зависност од организацијата на работата и од бројот на пациенти, може да има потреба од дополнителни лекари, специјалисти, медицински сестри и друг медицински персонал.

**►Што би сакале да им порачате на граѓаните во врска со Ургентниот центар?**

Најважно е граѓаните да знаат дека Ургентниот центар не е само нов простор, туку и подобро организиран начин на згрижување на пациентите со итни состојби. Нашата цел е пациентот што побрзо да стигне до соодветната медицинска помош, да биде правилно проценет и навремено да го добие потребниот третман.Ургентниот центар треба да донесе поголема достапност, подобра координација и побрза медицинска помош за граѓаните од целиот регион. Тоа е голем чекор за Клиничка болница – Штип и за здравствената заштита во Источниот и Југоисточниот регион.

# ИСТОЧНИОТ РЕГИОН НА МАКЕДОНИЈА МЕЃУ СТРАТЕШКИОТ ПОТЕНЦИЈАЛ И ЕКОНОМСКАТА РЕАЛНОСТ

***За развјото на туризмот, одржливите модели и креирањето политики разговараме со д-р Татјана Бошков, професор на Факултетот за туризам при УГД и заменик-претседател на Советот за туризам при Министерството за култура и туризам на Македонија.***



Проф.д-р Татјана Бошков е редовен професор на Факултетот за туризам и бизнис логистика при УГД, со долгогодишно раководно и академско искуство. Таа е поранешен декан на овој факултет, а во моментот ја врши функцијата заменик - претседател на Советот за туризам при Министерството за култура и туризам и е член на Надзорниот одбор на М-НАВ АД Скопје. Со професорката разговараме за туристичките потенцијали во Источниот регион и економската реалност.

***►Професорке Бошков, на што точно е фокусирана Вашата кариера со оглед на фактот дека покрај професорската работа на УГД ја вршите и функцијата заменик претседател на Советот за туризам при Министерството за култура и туризам, а истовремено сте и член на Надзорниот одбор на М-НАВ, две исклучително високи и значајни функции од национално значење?***

Мојата кариера е фокусирана на макроекономска анализа и политика, финансии, социјално-економски развој, туризам, одржливи модели и креирање политики. Така сум ангажирана и како експерт во изработката на Националната стратегија за развој на туризмот во РСМ за период 2027-2032, каде освен истражувачкиот дел го менаџирам и процесот на организирање на сите регионални работилници низ државата, каде преку директен дијалог со сите локални чинители, општини, бизнис секторот и туристичките работници ги собираме суштинските податоци и идеи од теренот.

Мојата примарна цел е преку научна прецизност, анализа на податоци да ги трансформираме туристичките ресурси на државата во пазарно одржливи, дигитализирани и висококонкурентни производи. Мојот личен став е дека создавањето стратегија со јасни економски мултипликатори која ќе ги активира сите региони, ќе резултира со привлекување на инвестиции и ќе обезбеди одржлив економски раст за Македонија. На овој начин пасивните ресурси на регионите ќе успееме да ги преточиме во дигитализирани, пазарно атрактивни и одржливи туристички брендови кои носат реални приходи.

***►Дали Националната стратегија посебно ги третира регионалниот аспект и развојот во ИПР?***

Апсолутно да. Новата методологија го напушта застарениот концепт на генерализирање. Регионалниот аспект е клучниот столб. За ИПР, фокусот не е само пребројување **на ресурсите „што имаме“, туку дефинирање на тоа „што продаваме“.** Моделот на развој ги адресира специфичните регионални асиметричности на пример, фактот што во одредени анализирани периоди Берово бележи околу 3.000 туристички посети, наспроти Штип кој во истиот период заостанува со едвај 600, што и според податоците на ДЗС укажува на голема регионална асиметрија и нерамномерно искористување на капацитетите. Де факто ова бара системска регионална рамка и воспоставување на ДМО.

> ***„Современиот турист бара комплексно искуство. Градот може да биде урбано и логистичко јадро на Источниот плански регион (ИПР). Комплексот Кежовица бара итна приватна или јавно-приватна инвестиција за користење на термалните води за современи велнес и спа услуги, додека Баргала и Исарот мора да се поврзат со дигитална интерпретација и културни настани, да не останат изолирани точки.***



**БАРГАЛА - античко наследство со голема вредност**




**ЌЕЖОВИЦА - потенцијал за термален и велнес туризам**

***►Што донесе како идеја работилницата во Штип за нашиот регион? Кои се најважните детали?***

Работилницата во Штип ги дефинираше суштинските дијагнози како фактот дека регионот има просечен престој од две ноќевања (што е под европскиот) и ниска сезоналност, но страда од исклучителна невидливост и искористеност на легалните капацитети од едвај 4-5%. Промоцијата на социјалните мрежи е на многу ниско ниво, пасивна и институционално врзана за ЦРИПР, наместо за самата дестинација. Ова итно бара преоѓање од рудиментиран туризам кон дигитализација, вметнување системи за онлајн резервација и дигитални регистри за сместувачки капацитети, дигитални влезници, задолжително пазарно поставување на каталозите за производи и надминување на критичниот недостаток од функционални ТИЦ (како оној на Поникква). **Регионот е пасивен на пазарот на туроператори, што резултира со целосно непрепознавање на Истокот** како интегрирана туристичка дестинација.

***►На што се потпира иднината на туризмот во ИПР? На планинскиот, археолошкиот, бањскиот или верскиот?***

Најсоодветен пристап е преку концептот на хибридни туристички производи од причина што ИПР не може да се потпре исклучиво на еден сегмент. Иднината е во синтезата, во смисла активен планински туризам во Осоговијата и Малешевијата (велосипедски и планинарски патеки), споен со автентична гастрономија, валоризација на балнеолошкиот и геотермалниот потенцијал во Кочани и Кежовица, дигитално интерпретиран археолошки туризам. Со оглед на силниот мултипликативен ефект што го создава туристичката индустрија, ИПР има потенцијал да стане еден од главните генератори на нови вредности и одржлив локален економски развој.

***►Во нашиот регион има многу локалитети (Малешевија, Пониква, Била Зора, Баргала, Крупиште, Мородвис, Кежовица...). Ги има ли овие нешта во стратегијата?***

Сите тие се соодветно мапирани, но со суштинска промена во пристапот. Сите овие локалитети се префрлаат од категоријата „пасивни атракции“ во „активни дигитални рути“. Тоа значи задолжително поставување на QR-кодови, дигитални водичи, решавање на пристапната патна инфраструктура и запирање на праксата локалитетите да остануваат само отворени ископини без пазарно пакување.

***►Има ли Штип воопшто капацитети за развој во туристичката индустрија (Кежовица, Исар, Баргала)?***

Штип има исклучителен, но неискористен капацитет. Современиот турист бара комплексно искуство. Градот може да биде урбано и логистичко јадро на ИПР. Комплексот Кежовица бара итна приватна или јавно-приватна инвестиција за користење на термалните води за современи велнес и спа услуги, додека Баргала и Исарот мора да се поврзат со дигитална интерпретација и културни настани, да не останат изолирани точки.

***►Како Малешевијата стои во Стратегијата за да стане европска туристичка вредност?***

Малешевијата е силен мотор за развојот во ИПР. Берово веќе покажува стабилни приватни инвестиции во нови комплекси. Само по себе, ова бара строга заштита на животната средина, брендирање со *Green Label* сертификати за зелена дестинација, поддршка на руралното сместување



ИСАР - историска тврдина над градот на Штип

и промоција на автохтоната гастрономија, со цел Малешевијата да се позиционира на мапата на европски еко-дестинации.

***►Имаме ли капацитети во луѓето/експерти? Каков е интересот на младите и каква е улогата на УГД?***

Кадровскиот потенцијал е клучниот столб на секоја туристичка стратегија. ФТБЛ при УГД, преку своето стратешко дејствување во Штип, Скопје и Гевгелија, има национална покриеност и директно продуцира висок стручен кадар за потребите на целата држава. Ние подготвуваме профилирани стручњаци кои се директен бенефит за ИПР и за Македонија во целина, бидејќи тие се подготвени веднаш да се вклучат во дигитализацијата, брендирањето, менаџирањето со хотелите, приватните сместувачки капацитети и туристичките дестинации.

Сепак, главниот предизвик не е продукцијата на кадар, туку системската интеграција на овие дипломирани професионалци. Во општините и приватниот сектор сè уште не- достига соодветна систематизација на работните места за профилиран кадар во туризмот. Туризмот не смее да биде оставен на импровизација и аматеризам. За да изградиме одржлива дестинација, мора системски да го вклучиме овој стручен кадар, да воспоставиме континуирана едукација, стандардизација и сертификација на услугите, со што на дипломираните студенти ќе им понудиме атрактивни работни места тука, во нашиот регион и во државата.

***►Врз основа на последниот извештај на World Bank (Tourism Watch, June 2026) и WTTC (North Macedonia Economic Impact Report), какви глобални трендови мора да пресретне ИПР за да биде конкурентен?***

Според *WTTC Economic Impact Report*, туризмот во Македонија влегува во фаза на забрзан придонес кон БДП, но глобалниот пазар драматично бара *„климатски отпорни и дигитално интегрирани дестинации“*. Извештајот на СБ (*Tourism Watch 2026*) јасно истакнува дека меѓународните туристи бегаат од масовниот туризам и прекумерните температури во јужна Европа, пренасочувајќи се кон „зелени, умерени и културно зачувани микро-региони“. ИПР тука ја има својата историска шанса со Осоговијата и Малешевијата. Доколку брзо инсталираме мрежа за е-полначи, дигитални платформи за резервација и сертифициран екотуризам, регионот може директно да го привлече овој високоплатежен европски сегмент.

***►Светска Банка става посебен акцент на инвестициите во авиосообраќајот и поврзаноста. Како авиоинфраструктурата и близината на аеродромите влијаат врз туристичката економија на Истокот?***

Современиот турист одбива патувања кои бараат копнен транзит подолг од 90 мин. по слетувањето. Извештаите на СБ за авиосообраќајот покажуваат дека експанзијата на нискобуџетните авиокомпании во регионот драматично ги менува тековите. Со подобрувањето на патната инфраструктура кон скопскиот аеродром, ИПР мора пазарно да се понуди како „*Fly & Drive*“ или „*Short-Break*“ дестинација. Без директна врска со авиопатниците преку организиран трансфер и дигитални пакети, регионот ќе остане отсечен од главните европски финансиски текови.

***►Кој е Вашиот завршен макроекономски совет: каде лежи најголемата неодносена вредност на Источниот плански регион (ИПР)?***

Најголемиот капитал на ИПР лежи во неискористениот геотермален и балнеолошки потенцијал, споен со циркуларната економија. Современиот капитал бара одржливост. Доколку успееме преку концесиски модели и приватни инвестиции да ги ставиме геотермалните извори во Кочани и Штип во функција на престижни спа/здравствени центри, и тоа да го усогласиме со заштитата на природното наследство, ИПР нема да биде само транзитна зона, туку премиум дестинација која генерира високи девизни приливи и одржливи зелени работни места.

# Компонираше музика, сега „компонира“ превкусни пастрмајлии



***Приказната е за Роберто Поп Димитров, познат кантавтор кој се посвети на гастрономијата, на штипската пастрмајлија пред се, но и на пицата.***

Роберто Поп Димитров штипската, а и нешто пошироката јавност го познава како кантавтор. Тој е композитор, текстописец, аранжер, музичар и исполнител на забавна музика. Како дипломиран музичар вели дека музиката била изворен почетокот на неговите најдлабоки чувства, нешто што истовремено го доближува до самиот себе, но истовремено знаела да го оддалечи од секојдневната реалност. „Како уметност, таа за мене е сè. Или, поточно кажано – јас сум музика“, вели Роберто, или скратено Боби.

За неговата музичка кариера вели: „Таа започна со создавањето на моите први песни, кои подоцна ги искористив за да се пријавам на тогашниот Поп-рок фест во 1995 година. Уште од самиот почеток паралелно се занимавав и со компонирање и со пишување текстови, односно се изградив како **кантавтор**. Тоа ми овозможи преку музиката целосно да ги изразам моите идеи, чувства и погледи“, вели овој штипјанец..

Музичката кариера ја започна со неговиот бенд „Кентаур“, како главен вокал и ритам гитарист. Така беше сè до 1999 година, кога за првпат настапи на „Макфест“. По тој настап ја продолжува соло кариерата, која трае сè до денес. „И понатаму пишувам и создавам музика. А кога понекогаш ќе направам подолга пауза, тука е Огнен Неделковски, кој секогаш ќе ми испрати неколку свои текстови и повторно ќе ме врати во тој прекрасен музички филм, каде што најдобро се чувствувам“, коментира Поп Димитров, син на Столе, некогаш славниот наставник по музичко и уште пославен диригент на бројни штипски хорови.

Но, ова не е приказна за неговата музичка кариера.

Тоа е приказна за друг вид музика – гастрономска, зашто Роберт стана популарен по својата пастрмајлија на која целосно и се има посветено.

Не случајно музиката ја ставив во втор план.. Пред извесно време не добив продолжување на мојот работен ангажман во Мултимедијалниот центар „Киро Глигоров“, каде што работев како стручен соработник за култура и спорт. Практично останав без работа, а дома ме чекаа две малолетни деца. Во тој период размислував што понатаму и некако сосема природно ми се наметна идејата да отворам пица-ресторан. Причината беше едноставна – нашите деца секогаш велеа: „ТАТО прави најубави пици!“ Мене ми се светна филмот: фирмата ја крстив „ТАТО“, кумови и станаа моите деца, вели Роберт.

Кога Боби ќе реши нешто тогаш од него можете да очекувате стопроцентна посветеност. Како, впрочем, и во музиката.

„Кога почнав да го подготвувам неаполитанското тесто, логично беше да го усовршам и нашето традиционално – штипската пастрмајлија, која е еден од најпрепознатливите брендови на Штип. Уште на самиот почеток добив многу позитивни критики. Луѓето ми велеа дека одамна не јаделе толку вкусна пастрмајлија, уште од времето на големите мајстори како Каната и Басара. Токму тие зборови беа огромен мотив и предизвик за мене да продолжам уште посериозно, постојано стремејќи се кон уште повисок квалитет“, посочува Роберт.

Првиот дуќан го отвора зад Трговскиот центар, на спратот. Токму таму се случува и првата магија помеѓу Робеерт - новиот мајстор за штипскиот гастрономски бренд и муштериите чиј број се зголемува од ден на ден. Задоволството на неговите се побројни гости го правеше пресреќен, но и му даваше уште поголема одговорност да го задржи и подобри.

По кусо ја проширува работата да отвори уште еден во центарот на градо на едносмерната. За жал, таму приказната не завршува толку славно поради раскопаната улица. Роберт решава да ја отвори работилницата „ТАТО“, која денес е местото каде што со многу љубов и посветеност ги подготвуваа своите гастрономски производи. Поп Димитров ја има поддршката од целото негово семејство, а за сопругата вели дека е рамо до рамо со него. „И таа е прекрасен пица мајстор, без чија поддршка сето ова не би било исто“, си го фали Боби брачниот партнер.

Тој ги научил редовните муштерии ден порано да си направат резервации.Така тие се бидат сигурни дека семејството ќе има превкусен ручек, а на ТАТО им е полесно да ја испланираат работата.

„Од почеток мојата идеја беше да понудам најдобар можен квалитет, а не да одам на квантитет. Токму затоа и ден-денес работам со однапред одреден број теста. Вие сте во право кога ме прашувате да ли и гастрономијата ја сметам за уметност. Дефиницијата ви ја сметам за точна! Уметници беа и Каната и Басара. И останаа во легендите на градот. И гастрономијата како и музиката бара голема посветеност и многу љубов. Па така, јас успеав гастрономијата, односно пастрмајлијата и пицата, да ги преточам во музика, односно во песна. Тоа може да се слушне во мојата песна **„Тато е тука секогаш за Вас“!**

А ако сакате да се уверите во вистинитоста на текстот слободно јавете се на **079/366 – 101 и побарајте го ТАТО.** Уживањето ви е загарантирано!

# Да ли грантот од 2 милиони долари ќе ги покрене работите од втора и трета фаза на ХС „Злетовица“?

Регионалниот хидросистем „Злетовица“ изграден и пуштен во работа во 2010 година со потреба да обезбедува вода за пиење за шест општини – Пробиштип, Штип, Кратово, Свети Николе, Карбинци и Лозово-во услови кога се вели дека ни престојат години на светска борба за квалитетна вода за пиење е најважниот водоснабдителен објект во Источниот регион. Но, проектот вреден околу 120 милиони долари предвидува поголема искористеност на потенцијалот кој го имареката Злетовица, а тоа значи покрај за водоснабдување системот е граден да придонесува и за развој на земјоделието преку наводнување на вкупно 4.309 хектари плодни ниви од кои 3.352 хектари во Општина Пробиштип и 957 хектари во општина Кратово. Ова е втората фаза од „Злетовица“ додека третата, која треба овој систем да го направи најмногу исплатлив, е изградбата на 6 хидроцентрали низводно од браната Кнежево.

Но, со двете фази прилично се доцни па надежно прозвучи информацијата дека деновиве министерот за земјоделство, шумарство и водостопанство, Цветан Трипуновски со директорката на Светска Банка на регионот, Карол Межеван потпишаа договор за грант во износ од 2 милиони долари за ажурирање на проектната документација и обука на корисниците, со кој се обезбедува поддршка за подготовка на проектот „Подобрување на искористувањето на водите од басенот на реката Злетовица – фаза 2: наводнување и фаза 3: производство на електрична енергија“. А тоа е токму она кое му фали на овој проект за, конечно, да биде самоисплатлив што сега не е случај.

Штип од „Злетовица“ добива 250 до 300 литри вода во секунда што е доволно да ги задоволи потребите на градот. Тоа значи дека нашиот град добива половина од вкупно 600 литри вода кои од ХС Злетовица се испуштаат кон погоре спомнатите општини. Но, што (ќе) станува со реализацијата на другите две фази кој прилично долго се оддолжува не е сосема јасно.

Овој проект со Светската банка претставува важен чекор кон унапредување на земјоделството. Грантот ќе го имплементира Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство, преку постојната единица за имплементација на проектот финансиран од Светската банка за модернизација на земјоделството, додека краен корисник ќе биде ЈП Хидросистем „Злетовица“ – Пробиштип.

Имплементацијата ќе се реализира во период од 18 месеци, од 1 јули 2026 година до 31 декември 2027 година. Со реализацијата на истиот ќе се обезбеди сигурно и одржливо водоснабдување за земјоделските површини, што значи поголема продуктивност, поквалитетни приноси и поголема конкурентност на македонското земјоделство.



> ***Штип од „Злетовица“ добива околу 5 милиони метри кубни вода годишно што е доволно да ги задоволи потребите на градот. Тоа значи дека нашиот град добива половина од вкупно 600 литри вода во секунда кои од ХС Злетовица се испуштаат кон погоре спомнатите општини.***

Многу вода протече од Злетовица кон општините во изминатите 16 години, многу ветувања до денес се дадени за реализација на фаза 2 од хидросистемот, а тоа е наводнување на над 4.000 хектари плодна земја, но до денес по тоа прашање нема напредок. Да ли оваа фаза од проектот ХС „Злетовица“ ќе биде реализиран во догледно време ќе покаже баш тоа – времето.

Што се однесува до изградбата на шесте хидроентрали како фаза 3 од проектот, и тука работите до денес не стојат сјајно иако, во сите фази од изградбата на системот е говорено дека без таа фаза „Злетовица“ не може да биде ислатлив проект.

# Музичка вечер во чест на Феруз Мустафов, кралот на саксофонот и кларинетот

***Штип го испочитува делото на легендарниот музичар.***

Во организација на Здружението „Ромска асоцијација за еднакви права – РОТА“ од Штип, а во рамките на Штипско културно лето, во Галерија 22 при Домот на културата, беше одржана музичка вечер во честа на познатиот музички генијалец Феруз Мустафов.

-Задоволни сме што концертот го проследи бројна публика која му оддаде почит на Феруз. Фокусот не беше ставен на годишнината од неговата смрт туку на неговот огромно музичко творештво, што беше и основната идеја на настанот. Сакавме да се промовира, зачува и афирмира неговото музичко дело, неговиот препознатлив стил и огромниот придонес што тој го даде во развојот и промо- цијата на ромската, македонската и балканската музика, рече Сабина Асанова, претседателка на РОТА.

Во музичката програма настапи оркестарот на Билхан и Танер Мачев, внуци на Феруз Мустафов. Нивното учество му даде посебно значење на целиот настан, бидејќи тие преку своите изведби ја продолжуваат семејната музичка традиција и го негуваат наследството што го остави нивниот дедо. Заедно со членовите на оркестарот, Билхан и Танер Мачев изведоа дел од препознатливите мелодии на Феруз Мустафов. Нивниот настап беше исполнет со емоции и беше проследен со големо внимание и аплаузи од публиката. Според Асанова т не беше само музички настап, туку и симболично продолжување на делото на Феруз Мустафов преку неговите внуци и преку новите генерации музичари.

Обраќајќи се пред присутната публика Сабина Асанова рече: „Феруз Мустафов беше многу повеќе од врвен музичар. Тој беше вонсериски уметник, виртуоз и човек кој со својата музика ги поврзуваше луѓето, културите и традициите. Неговата музика не познаваше граници. Таа беше разбирлива и прифатена од луѓе од различни националности, вери и култури. Преку својот талент и професионална посветеност, Феруз Мустафов стана еден од најголемите промотори на ромската и македонската музика во земјата и во светот. Неговото име засекогаш ќе остане запишано во историјата на македонската музика, а наша обврска е неговите дела да продолжат да се изведуваат и да се пренесуваат на младите генерации“, потенцира Асанова.

Феруз Мустафов беше најпознат како виртуоз на кларинетот и саксофонот. Токму овие два инструмента станаа негов препознатлив знак и му донесоа голем углед во Македонија, на Балканот и



пошироко. Покрај на овие тој имал познавање и искуство и со други дувачки инструменти. Сепак, најголемата препознатливост ја стекна преку својот уникатен начин на свирење на кларинет и саксофон. Неговиот стил беше посебен, а неговата интерпретација лесно препознатлива. Тој успеваше преку инструментот да пренесе силна емоција

> ***АСАНОВА: Името на Феруз Мустафов засекогаш ќе остане запишано во историјата на македонската музика, а наша обврска е неговите дела да продолжат да се изведуваат и да се пренесуваат на младите генерации...***

и да создаде непосредна врска со публиката.Токму поради неговата исклучителна техника, музикалност и виртуозност, со право го нарекуваа „Крал на саксофонот и кларинетот“.

Во текот на својот живот Феруз доби бројни признанија за својот исклучителен придонес во музичката уметност. Меѓу нив е и признанието за животно дело од „Златна бубамара на популарноста“, а Штип му се оддолжи со доделување на Осмоноемврискотo признание на Општина Штип. Ова признание му беше доделено постхумно, како знак на почит и благодарност за неговиот придонес во афирмацијата на Штип, македонската музика и ромската култура. Иницијативата и пријавата за доделување на Осмоноемврискотo признание беа поднесени од страна на Здружението „Ромска асоцијација за еднакви права – РОТА“ од Штип. Иако неговата музичка кариера го однесе на многубројни сцени во Македонија, на Балканот, во Европа и пошироко, Феруз Мустафов беше силно поврзан со својот роден Штип,ој никогаш не го заборави градот од кој потекнува.

# Филантропството на ротари клубот Штип се чувствува на повеќе полиња од значење за заедницата



Ротари клубот донира медицински апарат за Клиничка болница Штип (Демировски прв од лево)

***Разговор со Митко Демировски, координатор на Сојузот на Ротари клубовите на Македонија***

Митко Демировски речиси 20 години професионално е ангажиран во банкарскиот сектор. Во Ротари клубот е активен од 2017 година, кога заедно со група ентузијасти од Штип, под покровителство на Ротари клуб Кочани-Виница, го основаат Ротари клуб Штип кој е дел од Ротари Дистрикт 1912 (Словенија – Северна Македонија). Демировски беше втор претседател на клубот, а оваа година ја извршува високата функција координатор на Сојузот на Ротари клубови на Северна Македонија.

-Ротари клуб Штип е чартеруван во 2017 година и моментално брои 24 членови од Штип и Радовиш. Тоа се луѓе со различни професии, обединети околу желбата да придонесат за подобар живот во својата заедница. Ротари е филантропска организација. Често постои перцепција дека членуваат само богати луѓе, но тоа не е точно. Богатството не е услов за членство. Најважни се интегритетот, желбата за општествено корисна работа и подготвеноста своето знаење, искуство и време да се вложат во проекти од јавен интерес, вели Демировски за нашиот весник.

Едно од главните мотоа во Ротари е „Service Above Self" (Служба над себеси). Ова мото го дефинира Ротари како движење кое се фокусира на волонтирање, несебично помагање и обезбедување позитивни промени.

-Покрај локалните активности, Ротари Интернационал реализира бројни програми за млади, меѓу кои образовни кампови, меѓународни размени и лидерски програми. Оваа година планираме и основање на Ротаракт клуб во Штип, наменет за млади од 18 до 30 години, појаснува нашиот соговорник.

***ИНСТАЛАЦИИ: Ротари клуб Штип е збратимен со Ротари клуб Благоевград од Бугарија и Ротари клуб Словен Градец од Словенија. Со клубот од Словенија се подготвува проект за поставување уметничка инсталација во Штип и организација на донаторски концерт со нивниот џез-оркестар.***

Служењето на заедницата е една од темелните вредности на Ротари. Локалните клубови реализираат проекти што го подобруваат квалитетот на живот, а во меѓународни рамки Ротари поддржува иницијативи во областа на образованието, здравството, обезбедувањето чиста вода и економскиот развој.

-Една од најпознатите глобални иницијативи е End Polio Now. Во изминатите повеќе од 45 години, преку оваа програма се вакцинирани над три милијарди деца во 122 земји, а бројот на случаи на полио е намален за 99,9%. Денес болеста е ендемска само



**Д-р Филипов (лево) годинава функцијата претседател на Ротари клубот му ја предаде на бизнисменот Емил Попадинов**



**Ротари клубот донираше и во опремата за иклузиво детско игралиште**

во две земји, а Ротари продолжува со напорите за нејзино целосно искоренување, посочува Демировски.

Ротари клубот Штип состаноците на кои се носат одлуки важни за заедницат ги одржуват секој вторник. Клубот работи според годишна програма што ја подготвува претседателот на клубот, но идеи и предлози можат да дадат сите членови.

-Најпрво ги идентификуваме потребите на заедницата и проценуваме каде можеме да имаме најголемо позитивно влијание. Покрај проектите, организираме и стручни предавања, презентации и средби со гости, бидејќи Ротари е место и за личен и професионален развој. Редовно се дружиме и соработуваме со Ротари клубови од други градови и држави, коментира Демировски.

Минатата ротаријанска година претседател беше **д-р Владко Филипов**, кој со својот ентузијазам и професионалност остави значаен белег во работата на клубот. Од 1 јули функцијата претседател ја презеде **Емил Попадинов**, чиј приоритет оваа година ќе биде поддршката на Доброволното противпожарно друштво во Штип.

Ротари клубот средствата ги обезбедува преку донации од членовите, поддршка од општествено одговорни компании и преку аплицирање за средства од Сојузот на Ротари клубови на Северна Македонија. Еднаш годишно клубот организира и донаторска гала вечер, на која преку донации и хуманитарна аукција се обезбедуваат средства за конкретен проект. Годинава се собрани над 5.000 евра, кои ќе бидат наменети за поставување јавни чешми за питка вода и информативни табли за промоција на културно-историското наследство на Штип.

Во изминатите девет години Ротари клубот Штип реализира поголем број проекти, од кои Демировски ги издвојува: Донација на медицинска опрема за Одделението за неонатологија при Клиничката болница во Штип; Организација на три велигденски донаторски концерти со ДМУЦ „Сергеј Михајлов“, со чии средства беа реновирани повеќе музички кабинети и набавени нови музички инструменти; Донација на инклузивно детско игралиште во центарот на Штип;Поставување штедливи јавни чешми за питка вода во Штип и Радовиш. Голем дел од овие проекти клубот ги реализира во партнерство со локалната самоуправа, со која има одлична соработка и поддршка.

Митко Демировски вели дека една од најголемите предности на Ротари е неговата меѓународна мрежа од повеќе од 1,2 милиони членови во над 200 земји и територии. Тоа овозможува партнерства, размена на искуства и реализација на заеднички проекти. Ротари клуб Штип е збратимен со Ротари клуб Благоевград од Бугарија и Ротари клуб Словен Градец од Словенија. Со клубот од Словенија подготвуваме проект за поставување уметничка инсталација во Штип и организација на донаторски концерт со нивниот џез-оркестар. Во минатото добивме и поддршка од ротари клубови од САД за проектите реализирани со ДМУЦ „Сергеј Михајлов“. Токму ваквата меѓународна поврзаност претставува една од најголемите вредности на Ротари, бидејќи овозможува заедничко решавање на локални проблеми, размена на знаење и создавање трајни пријателства.

***ПОПАДИНОВ: Минатата ротаријанска година претседател беше д-р Владко Филипов, кој со својот ентузијазам и професионалност остави значаен белег во работата на клубот. Од 1 јули функцијата претседател ја презеде Емил Попадинов, чиј приоритет оваа година ќе биде поддршката на Доброволното противпожарно друштво во Штип.***

# Брегалничката Епископија и катедралната црква во Крупиште во светлината на археолошките истражувања



*** Разговор со Д-р Митко Штерјов, археолог, НУ Завод и Музеј – Штип**

По 40 години од истражувањата на катедралната црква на локалитето Кале кај Крупипште деновиве завршија архелошките истражувања при што комплетно се дефинира големината и содржината на оваа исклучително важна катедрална црква која ја поврзуваме со Брегалничката епископија која што, според пишаните документи и историски податоци, се наоѓа на вливот на реката Злетовица во Брегалница. Според историски податоци на оваа локација е лоциран и градот Равен каде била сместена епископската црква. Во непосредна околина на оваа црква се наоѓаат и уште неколку цркви кои што се од тој период и се потврдени со историски и археолош истражувања, за што **разговараме со д-р Митко Штерјов, ахеолог во НУ Завод и Музеј Штип.**

-Историјата и развитокот на епископиите по Брегалница се неразделни од развојот на црквата во Солун и Илирскиот епископат како и од архиепископијата Prima Iustiniana. Во нивниот развој голема улога одиграле и борбите за превласт над црквата во Илирик што се воделе помеѓу Рим и Константинопол. Археолошките истражувања ги потврдуваат историските изворни податоци и укажуваат дека по Брегалница, во доцноантичкиот период во јурисдикционите територии на двете епископии во Баргала и Запара, се наоѓале повеќе изградени црковни градови.

Силната и добро организираната црква со две епископски седишта, со многубројни црковни градби по Брегалница и пошироко, одиграла пресудна улога во животот на Словените во Македонија по нивното населување на Балканот. Големиот број стари ранохристијански црковни градби придонел за брзото ширење на христијанството помеѓу Словените, за нивното брзо описменување и за основањето на првата словенска епископија во Македонија, вели Штерјов.

**Кој настан може да се опише како историски посебен во животот на Словените на овие простори?**

-Организирањето на првата словенска епископија на Брегалница и подигањето на црквата, во која се пренесени моштите на Тивериополските-Струмички маченици, претставува е она кое претставува посебен историски настан во животот на Словените во Македонија и е почетокот на прва организирана словенска црква на Балканот. Богослужењето во овој катедрален храм е изведувано на словенски јазик од свештеничкиот клир обучен од Климента.

**Што ни кажува откривањето на овој репрезентативен храм?**

- Тоа недвосмислено го поврзува првото организирано словенско црковно средиште во Македонија. Нашите нови откривања со археолошките ископувања и истражувања по Брегалница придонесуваат да се потврдат голем број историски изворни податоци врзани за почетоците на покрстувањето и за градителската и културно-просветната дејност на Словените по Брегалница и пошироко во Македонија. Последните археолошки истражувања на локалитетот Кале на Катедралниот Храм со Мартириум во с. Крупиште Општина Карбинци, даваат подетални согледувања во науката базирани на компаративна основа од историските,  археолошките, епигравските и топонимските податоци. Базиликата е ориентирана исток-запад. **Во својата основа таа е трикорабна ранохристијанска базилика, со две прилепени капели северно и јужно од базиликата, со нартекс и егзонартекс. Во јужниот кораб се наоѓа, крстовидна култна градба — Martyrium, кој е инкорпориран во големата црква. Култната црква Martyrium во јужниот кораб претставува составен дел на пространата црква и е изграден истовремено со целиот објект.**

**Каков печат носат тие?**

- Храмот и меморијалната црква носат печат на словенско обележување, што потврдува  дека на Брегалница е откриена црквата за која не известува Житието на Петнаесетте тивериополски маченици од Теофилакт, каде и биле пренесени дел од моштите на светите Петнаесет Маченици во новоизградената црква.

**Кога била подгната оваа црква?**

Врз основа на добиените податоци од истра-

жувањата, црквата била подигната во 5-6 век, посветена на општиот култ на Евхаристијата и истата била обновена во 8-9 век. Со реализираните истражувања, комплетно е дефинирана конструкцијата на репрезентативниот ранохристијански катедрален храм со пет апсиди и Мартириум и утврдени се основните димензии на црквата и е дефинирана е некрополата од јужната страна на објектот, со хронолошки рамки помеѓу 11 – 14 век. Со археолошките истражувања откриено е и парче од камен со врежани глаголски букви и бројни наоди од гробовите.

Историските податоци според Tabula Peutingerijana зборуват за попатните градови на Via Egnatija кон Pautalija (Ќустендил) и Serdika (Софија), античките градови, Астибо Запара и Транупара, каде според топонимите кај Крупиште, Мал и Голем Цапар се лоцира градот Запара. Запара заедно со Баргала се споменуват во списоците на Хиероклиј, Халкедонскиот црковен собир и во 553 година во 5 екуменски собир во цариград како Цивитас (Civitas) Град и силен црковен центар.

**Каква е нивната улога во покрстувањеето на Словените?**

Подоцна по доселувањето на Словените овие црковни центри одиграле голема улога во покрстувањето на Словените. Изградбата на големиот град на Брегалница и основањето на првата словенска епископија во него не е случајно, води традиција уште од императорот Јустинијан и основањето на архиепископијата (Justinijana Prima). Кирил и Методиј овде ја напишале глаголицата подоцна усовршена во Кирилица и со богатата книжевна просветителска дејност на Климент Охридски, допринеле за покрстувањето на сесловенските народи почнувајки од Крупиште и катедралната црква. Поради тоа и културнопросветната мисија на Константин Филозоф се одвива во градот Равен на Брегалница во кој подоцна е организирана првата самостојна словенска црковна организација – Епископијата на Брегалница опишана кај Теофилакт кој пишува дека се наоѓала покрај реката Брегалница. Со цел да се зајакне и оформи силен словенски црковен културен и просветен центар, пренесени се дел од моштите на светите Петнаесет Маченици од Струмица во новоизградениот катедрален храм во Крупиште.



**Кога за прв пат се среќава името Крупиште?**

-Од последната година на владеењето на Стефан Душан, 1335 година, се зачувани неколку повелби, во кои за прв пат се споменува Крупиште во Овче Поле, каде што е одржан Српскиот државен собор на 2ри Мај, кога е издадена повелба на манастирот Хиландар. Во издадената повелба на овој Собор за прв пат за градот расположен недалеку од утоката на Злетовка во Брегалница, го среќаваме името Крупиште. Тоа значи дека Соборот е одржан во еден голем град, достоен да го прими владетелот со патријархот Сава и највидните духовни и световни српски и грчки претставници. Стефан Душан не го одржал овој величенствен собор во Призрен, во кој ја подигнал својата задужбина, ниту пак во Скопје, претстолнината на државата туку во Крупиште, каде сакал да покаже дека, тоа е градот во кој била основа првата словенска епископија на Брегалница, со катедрална црква со култна градба Martyrium посветен на Петнаесетте мартири од Струмица, седиште на првата организирана словенска црква во Македонија. Тоа е градот што станал центар и за ходочастие на целото христијанско население на Балканот, највеојатно токму ова е пресудно за изборот на овој град за одржување на Државниот собор во 1355 год. од страна на Стефан Душан.

Во наредниот период се надеваме дека по изготвениот конзерваторски проект овој репрезентативен објект ќе биде конзервиран и презентиран на пошироката јавност како култно туристичко место со богата традиција.




***Откривањето на репрезентативниот храм со Martyrium од крајот на IX век и почетокот на X век на Брегалница, недалеку од Крупиште, недвосмислено го поврзува првото организирано словенско црковно средиште во Македонија.***




# Преубавите влашки носии

На фотографијата се девојчиња облечени во традиционална, вековна влашка носија.

Во прашање е колекција сопственост на проф. д-р Ванѓа Димитријева Кузманова која вели дека колекцијата носии ја има наследено од нејзината баба Ванѓа Штерјова.

-Колекцијата е стара над сто години кое до ден денешен се чува како неприкосновено наследство и како значајно материјално богатство на влашката заедница во нашата општина. Сосема извесно е дека ова богатство ќе се пренесува од колено на коле на многу генерации кои ќе дојдат после нас, вели Димитријева-Штерјова.

Инаку, девојките облечени во преубавите влашки носии се членови на КУД Академија Еуроарт, кои настапуваат на многу сцени дома и во странство под менторство на д-р Милена Ристова Михајловска.



# Марија ВОДЕНСКА:
# Без љубов, човек е како дрво кое само еднаш цвета во годината и не дава плод



**_Интервју со роднокрајната писателка Марија Воденска_**

Родена на 7-ми февруари 1942 година во село Цакони (Хриса) до градот С'ботско (Аридеа), Воденско (Едеса), Егејска Македонија. За време на Граѓанската војна во Грција 1948 година со илјадници деца живее во домови во Словенија, од каде се враќа во октомв-ри 1950 година кај родителите Сава и Вани Делови во село Три Чешми. Марија Воденска петто одделение 1952/53 школска година го заврши во село Карбинци со интернатско живее-ње. Осмо одделение завршува 1957 година во Штип. Од 1985 година Marija го употребува етимолошкото презиме Воденска. Живее и работи во Бостон, САД.

**_„Без љубов, човек е како дрво кое само еднаш цвета во годината и НЕ дава плод"_**

„Без љубов, човек е како дрво кое само еднаш цвета во годината и НЕ дава плод", вели Марија Воденска во серија-лот за роднокрајни писатели на библиотеката „Гоце Делчев", а објавува Штипски Глас.

**_Марија, кажете ни нешто за Вашето детство. Што сонувавте да бидете како дете?_**

Како 10-годишно девојче се вратив од домовите во Словенија. Бев неписмена.

Во Прва година нижа гимназија (петто оделение) 1952/53 училишна година, се описменив читајќи ја книгата Јан Бибијан од Елин Пелин во интернатот во село Карбинци. Сонував колку би било убаво да станам учителка, налик на мојата прекрасна учителка и воспитателка Душка Џидрова. Таа за цел живот ми остана водителка и пример за дружење со книгата.

**_Кои писатели во раното детство ја уживаа вашата доверба? Кои литературни дела би им препорачале на денешните деца?_**

Во времето на моето школување, научив неколку стихотворби напамет, така беше правилото да рецитираме поезија напишана од Славко Јаневски, Ацо Шопов, Науме Волчевски, Ванчо Николески, Оливера Николовска, Горјан Петревски.

**_Какви беа Вашите книжевни почетоци? Кога и како настана Вашата љубов кон пишувањето? Дали отсекогаш сте сакале да бидете писателка?_**

Во август 1967 година летувавме крај Охридското Езеро меѓу Охрид и Струга со престој под шатори неколку штипски фамилии заедно со феријалци околу 400 младинци од цела Југославија. Тоа летување беше во организација на фабриката „Македонка".Видов истакнат конкурс на тема „Езеро, ѕвезди и ти", се оддалечив од жагорот на капачите, крај брегот на Езерото и напишав проза и поезија. Добив прва награда за проза „Езѕвезди и таа" и втора награда за поезија.

**_Кога го напишавте првото литературно дело, а кога ја објавивте првата книга?_**

Првата поетска стихотворба е Понеси ме Вардаре, мајка Виетнамка, а потоа редовно бев застапувана и со други раскази и стихотворби во Детските списанија и во весникот, а првата стихозбирка со наслов Гранитна есен е објавена 1985 година.

**_Во што наоѓате инспирација кога пишувате? Како се одвива Вашиот процес на пишување и творење? Што е потешко за писателот, да го напише почетокот на книгата или крајот?_**

За мене не ми требаше инспирација, тоа што го пишував го носев во себе. Ми требаше само време да седнам и да пишувам. Почетокот на книгата идеше сам, а за крајот и не мислев, сето беше спонтано и природно. Почетокот на расказите и поезијата ги започнував и завршував така како што ми течеше мислата. Битно беше да го внесам чувството на идејата, а темата и содржината сами почнуваа и завршуваа.

**_На кои книжевни дела често се враќате? Што читате во моментов?_**

Од Македонските писатели најповеќе со навраќање го читам Петре М. Андреевски, Гане Тодоровски, Венко Андоновски, Стале Попов, поезијата на Јован Павловски, Раде Силјан, Розита Христова и сите добитници на „Златниот Венец" за поезија во Струга. Последната прочитана книга ја завршив до пред една недела. Ја имав позајмено од една нова сосетка во Домот „Голда Меир".

**_Кога ќе погледате зад Вас, што сфаќате дека е најважно во животот, дали е тоа можеби љубов, здравје или нешто друго?_**

Најпрво здравјето е најважното чувство. Да се биде здрав и со здрав разум е Божји благослов. Љубовта е двигател во секој сегмент во живеачката. Без љубов, човек е како дрво кое само еднаш цвета во годината и НЕ дава плод.

**_Врз основа на животно писателски искуство, што би имале да им кажете на помладата генерација писатели кои штотуку тргнуваат на тој пат?_**

Во секое време, мислата нека им живее со прочитана книга!



Пишува:
М-р Трајче КАЦАРОВ,
писател

# МОСТОТ

Кога се градел мостот на реката Брегалница, тато имал 26 години, а јас само две. Градбата на мостот била целосно во рацете на новите градители. Ниските градби не оделе подалеку од линиите што ги орабувале висококатниците. Прави линии како стрели, сите насочени кон подоброто утре.

Мостот почнал да се гради во 1962 година. Таа година во Скопје Господ го испратил потопот, но не и дедо Ное. Немало потреба од барка, зашто водата била само закана, а не казна. По само една година, повлечената вода, но не и заканата, го открила врвот, но не на Арарат, туку на големата трагедија.

Скопје го разурнал силен земјотрес. Преку штотуку изградениот мост на реката Брегалница стотици возила поминале во насока кон градската болница, во градот што требало да биде спас за преживеаните.

Во годината на големата поплава во Скопје, САД и СССР ги кренале главите кон облаците, не за да предвидат до кога врз Скопје ќе паѓа заканувачкиот дожд, туку за да си го поделат она што е црно и непрегледно. Двете светски сили постигнале договор за мирољубиво користење на вселената.

Во таа година Јуриј Гагарин станал првиот човек што ја напуштил планетата Земја. Ја гледал сината планета од позиција на Господ.

Светот, далеку од неговите очи, се заколнал дека ќе го памети како првиот човек што отишол и се вратил од бестрага.

Во таа година до Европа стигнал првиот телевизиски пренос. Патот му бил преку Атлантикот.

Во Струга започнал Фестивалот на поезијата – „Струшките вечери на поезијата“.

СФРЈ, на чело со Јосип Броз Тито, се искачила на лидерската позиција во светот на неврзаните.

СФРЈ се искачила, но мостот попуштил, односно се срушила првата градба. Се срушила не подалеку од мирните води на Брегалница.

Срам за предвесниците на новото време.

Рушењето на мостот станало топ-тема. Во градот под Исарот никој не пукал со очи и зборови на друго место освен во срушениот мост. Урнатините покажале дека патот до другиот брег, до другото, подобро утре, не е така лесен, не е за секого.

Додека Скопје ги броело жртвите од катастрофалниот земјотрес – 1070 мртви и 2900 повредени – над Брегалница се појавил божилак од железо и бетон.

И очите на граѓаните во градот под Исарот повторно биле свртени кон мостот. Но сега како кон Господов знак. Како кон надеж дека од онаа страна на реката, од другата страна на денешницата, ги чекаат посакуваните соништа. Цел град тргнал кон мостот, односно да се проврe под божилакот.

Во годината кога мостот првпат ја опчекорил реката, на само неколку метри од него, во водата што едвај ми доаѓала до колениці, е направена мојата прва фотографија во вода, односно првпат сум фотографиран во вода.

Мостот станал нов рибар на реката и нов жител на нашето маало. Тоа го заклучив многу подоцна. Односно, мостот стана моја опсесија, место што влегуваше во сферата на мојот интерес кога почнавме да пушиме цигари.

Во почетокот на 1970-тите години, на трафиките, што можеа на прсти да се избројат, и тоа само во центарот на градот, можеа да се набават само неколку видови цигари, со и без филтер: „Канео“, „Нишка Дрина“, „Драва“, „Ривал“, „Зета“.

Јас и моите другари од маалото пушевме од оние што ги крадевме од под душекот на дедо Трајко. Никој не им ја знаеше марката, но сите, кога ќе вовлечеа длабоко дим во градите и откако ќе го испуштеа низ носот или во концентрични кругови низ устата, велеа дека дедо Трајко пуши одбран тутун.

Местото каде што ги делевме украдените цигари од под душекот на дедо и каде што ги пушевме до една беше под мостот.

Мостовите, за да ја зачуваат својата стаменост и довербата на оние што ги користат, мора да се придржуваат до некои неизбежни градежни правила. Првото е можноста да вибрираат, но не до степен што ќе внесува паника меѓу минувачите, туку до степен потребен да го поднесат товарот што го носат врз себе.

Токму поради таквите вибрации, на местото каде што мостот се спојува со брегот се оставаат празни простори. Во таквиот процеп меѓу бетонот и земјата се пикавме како глувци. Уплашени дека лошиот мачор може да ни ја насети трагата, па да нѐ проголта како кисели бомбончиња, бргу ги делевме цигарите и уште побргу ги пушевме. Местото под мостот ни влеваше надеж дека никој не може да ја забележи нашата неприродна работа – да се пушат цигари на мали години.

Додека учевме да го вовлекуваме димот длабоко во градите и да го испуштаме онака како што го испуштаа некои познати фаци од градското корзо, ги слушавме возилата што минуваа по мостот и ја чувствувавме вибрацијата на бетонот. Процепот стануваше сè потесен, а ние посреќни што растевме толку бргу и толку незабележливо.



# Кој плаќа ако нема оптимизација?

Пишува:
Роберт Аџипетров

Кога се зборува за реформи во образованието, вообичаено прво се слушаат критиките поттикнати од општата недовербата на јавноста во било која политика, па веднаш се поставува прашањето „што губиме?" Во Македонија многу ретко се поставува спротивното, далеку поважно прашање, што губиме ако не реагираме? Наведеното најчесто е поради инертниот став во нашиот менталитет одговорноста да не се преземе денес за да во иднина зборуваме за вината на минатото за хаосот на сегашноста. Во оваа категорија спаѓа и процесот на оптимизација на училишната мрежа во Македонија, процес кој најчесто се претставува како ризик.

Бројките се јасни и не оставаат многу простор за романтизирање на статус quo состојбата. За седум години Македонија изгубила 17.000 ученици, а бројот на наставници во истиот период пораснал. Ова не е апстрактна статистика, туку реалност во која имаме паралелки со по неколку деца, училишни згради кои функционираат далеку под капацитет, и систем во кој сè поголем дел од парите одат за плати, наместо за она поради што училиштето постои, знаењето на детето. Доколку оваа асиметрија продолжи да се игнорира, цената нема да ја плати системот, туку конкретни луѓе - учениците.

**Прво и најмногу губат учениците.** Дете кое учи во комбинирана паралелка од три-четири ученици, реално добива послаба настава од дете во поголемо, добро опремено училиште. Меѓународните тестирања веќе го покажуваат тоа заостанување. Секоја година без реорганизација на мрежата е уште една генерација што поминува низ систем кој троши ресурси на одржување празни клупи, наместо на дигитална опрема, стручно усовршување на наставниците или продолжен престој по часовите. Оптимизацијата, парадоксално, е инвестиција токму во оние што најчесто ги браниме кога зборуваме против неа.

**Второ губат наставниците**, но не на начинот на кој обично се плаши јавноста. Наставник во пренатрупан систем со нерамномерна распределба на кадар останува заглавен во училиште без перспектива за напредок, а честопати и без ученици на кои навистина може да им го пренесе своето знаење. Новата формула за финансирање според реалната цена по ученик отвора можност за праведна распределба, подобри услови, и всушност поголема сигурност во работата долгорочно, наспроти системот што денес одржува вештачки бројки само за да избегне непопуларни одлуки.

**Трето губат самите заедници.** Звучи парадоксално, но училиште со три ученици не е доказ за живот во едно село или град, туку е знак дека животот веќе речиси заминал, а институцијата само формално останува на хартија. Заедницата не се спасува со задржување празна зграда, се спасува со инвестиции во квалитетно, централизирано образование, со организиран превоз, со продолжен престој, активности кои што реално го враќаат чувството дека државата инвестира во иднината на тоа место.

**Четврто губи државата како целина.** Секоја година одложување значи уште една генерација образована под просек, уште еден циклус на неефикасно трошење на блок дотациите, и уште поголем јаз во знаењето на учениците, без разлика дали остануваат во земјава или заминуваат надвор. Во контекст каде што и онака се соочуваме со иселување на млади луѓе, образование кое не е конкурентно само го забрзува тој процес.

***Оптимизацијата не е закана кон учениците, наставниците или заедниците, таа е обид овие категории конечно да добијат систем прилагоден на реалноста од денес, а не на бројки од пред две децении***

Оптимизацијата не е закана кон учениците, наставниците или заедниците, таа е обид овие категории конечно да добијат систем прилагоден на реалноста од денес, а не на бројки од пред две децении. Притисок на јавноста треба да оди во насока реформата навистина да се спроведе доследно и транспарентно, а не да се одолговлекува во име на лажна стабилност која, во суштина, веќе одамна ја нема.

**(Авторот е директор
на Педагошката служба при Министерството
за образование и наука)**

# Камења во неговите џебови“ – победник на фестивалот „Актерот на Европа“

Во време кога независната театарска сцена во Македонија се соочува со бројни финансиски и организациски предизвици,Алтернативниот театар „Пробатон“ од Свети Николе претставува редок пример на независен театар што успева да опстои благодарение на сопствената визија, ентузијазам и истрајност. Како еден од ретките независни театри во државата што располага со сопствена сцена и создава продукции со сопствени средства, „Пробатон“ покажува дека квалитетната театарска уметност не зависи исклучиво од институционалната поддршка, туку пред сè од посветеноста, креативноста и љубовта кон театарот.

Со поставувањето на „Камења во неговите џебови“ од Мери Џоунс, во режија на Давид Илиќ, театарот создаде претстава што плени со својата едноставност, динамика и силен емоционален набој. Оваа впечатлива трагикомедија на едноставен, но исклучително моќен начин ги прикажува животите на обичните луѓе во судир со светот на филмската индустрија. Иако започнува со духовитост и низа комични ситуации, претставата постепено прераснува во длабока приказна за човечкото достоинство, разочарувањето, надежта и неостварените соништа. Режисерот Давид Илиќ умешно ја потенцира оваа двојност, создавајќи претстава што истовремено забавува и поттикнува на размислување.

Најголемата вредност на оваа изведба е актерската игра на Стефан Горчев и Мишо Димитријевски – Шипе. Пред нив стои исклучително тежок актерски предизвик – двајцата актери толкуваат повеќе од петнаесет различни ликови, преминувајќи од еден во друг со неверојатна леснотија, прецизност и сценска дисциплина. Со минимални промени во гласот, движењето, гестикулацијата и сценската енергија, тие создаваат сосема различни карактери, без ниту еден момент да го нарушат ритамот на претставата. Ваквата актерска трансформација бара извонредна техника, концентрација и искуство, а Горчев и Димитријевски ја реализираат на високо професионално ниво, држејќи го вниманието на публиката од почеток до крај.

Режијата на Давид Илиќ е сведена, функционална и целосно насочена кон актерот и драмскиот текст. Минималистичката сценографија не претставува ограничување, туку свесен режисерски избор што овозможува во фокусот да останат приказната, ликовите и нивните човечки судбини. На тој начин уште посилно доаѓа до израз контрастот меѓу холивудскиот гламур и суровата реалност на луѓето кои остануваат на маргините.

Претставата не се задржува само на критика на филмската индустрија. Таа отвора универзални прашања за достоинството, надежта, разочарувањето и вредноста на човечкиот живот. „Камења во неговите џебови“ не е само приказна за снимање филм, туку и за луѓето чии соништа честопати остануваат незабележани. Токму затоа нејзината порака допира до публиката без патетика, оставајќи силен емоционален впечаток и простор за лична рефлексија.



Високиот квалитет на ова сценско остварување беше потврден и на Интернационалниот театарски фестивал „Актерот на Европа“, каде што претставата ја освои наградата за најдобра претстава во целина. Ова признание не е само успех за ансамблот и режисерот, туку и значајна потврда за вредноста на независната театарска сцена во Македонија.

Алтернативниот театар „Пробатон“ со оваа продукција уште еднаш докажа дека независните театри можат да создаваат врвни уметнички дела, рамноправни со продукциите на националните институции. Токму затоа независната театарска сцена заслужува многу поголема институционална и финансиска поддршка од државата, бидејќи нејзиниот придонес во развојот на македонската култура е значаен и неоспорен.

На крај, останува да им се посака уште многу успешни проекти, нови фестивалски признанија и исполнети театрални сезони на режисерот Давид Илиќ, актерите Стефа Горчев и Мишо Димитријевски – Шипе, како и на целиот тим на Алтернативниот театар „Пробатон“. Нивната работа е доказ дека љубовта кон театарот, посветеноста и талентот можат да создадат претстави што долго остануваат во сеќавањето на публиката и достојно ја претставуваат македонската театарска уметност. Инаку, оваа претстава се играше и во Штип.

**(Рецензија на Милорад Анѓелов)**



# Гласот како културна одговорност

*Пишува:*
***Милорад Ангелов***

Во време кога секој има можност да го искаже своето мислење, сè почесто избираме да молчиме. Полесно е да се биде набљудувач отколку активен учесник, да се следат настаните од страна наместо да се придонесува кон нив. Но, ако сакаме да живееме во демократско, културно и духовно развиено општество, не можеме да останеме само публика. Општеството не го менуваат оние што тивко ги набљудуваат процесите, туку оние што имаат храброст да се вклучат во нив.

Да се биде глас во културата не значи да се биде познат писател, уметник или јавна личност. Тоа значи да се има став, да се размислува критички и со одговорност да се споделуваат сопствените идеи. Културата не е привилегија на малкумина, туку простор во кој секој граѓанин има право и обврска да учествува. Секој што искрено зборува за вредностите, уметноста и општеството веќе придонесува кон културниот дијалог и кон јакнењето на јавната свест.

Сепак, гласот не се создава преку ноќ. Тој се гради со читање книги, посетување театарски претстави, изложби и концерти, со слушање различни мислења и со постојано учење. Колку повеќе сме отворени кон нови идеи и искуства, толку повеќе сме подготвени да понудиме промислени ставови. Културата не е само наследство што треба да се зачува, туку процес во кој секоја генерација остава свој белег.

Во современото дигитално време, социјалните мрежи ни овозможуваат лесно и брзо да се изразиме. Прашањето повеќе не е дали ќе зборуваме, туку што ќе кажеме и на кој начин ќе го кажеме тоа. Наместо навреди, говор на омраза и површни коментари, потребни ни се аргументирани ставови, меѓусебна почит и искрена желба за подобро општество. Критиката има вредност само кога е конструктивна и кога отвора можност за напредок.

Културата, сепак, не ја создаваат само институциите. Таа се гради преку секој човек што чита книга, посетува културен настан, создава уметност, пишува текст или разговара за важни општествени прашања. Секој, дури и најмал придонес, е дел од една поширока слика што го обликува идентитетот на едно општество. Токму затоа е неопходно гласот на граѓаните да се слушне и тогаш кога се зборува за културните потреби на заедницата. Особено е важно гласот на децата и младите да не остане на маргините. Тие не се само публика што пасивно ја следи културната понуда, туку идни создавачи на културата, уметноста и јавниот живот. Ако сакаме да изградиме генерации што ќе размислуваат слободно, ќе создаваат и ќе ја почитуваат различноста, мора да им обезбедиме простор каде што ќе ја запознаваат уметноста уште од најрана возраст.

Во таа смисла, особено загрижува фактот што Источна Македонија, и покрај својот културен потенцијал и големиот број деца и млади, сè уште нема професионален театар за деца и млади. Тоа не е само институционален недостаток, туку и пропуштена можност за културен, образовен и општествен развој. Професионалниот театар за деца и млади не е луксуз, туку неопходност. Тој е место каде што најмладите учат да поставуваат прашања, да ја развиваат својата имагинација, да ја разбираат различноста и да ја градат сопствената емоционална и културна писменост.

Општество што не инвестира во културата на своите деца ризикува да изгуби генерации што ќе ја доживуваат уметноста како нешто далечно и недостижно.

Затоа е потребно гласно и аргументирано да се зборува за оваа потреба. Не како барање што произлегува од интересите на поединци, туку како иницијатива од јавен интерес што ќе придонесе за рамномерен културен развој на државата. Децата од Источна Македонија имаат исто право на професионална театарска уметност како и нивните врсници во другите региони. Културата не смее да биде привилегија условена од местото на живеење.

Истовремено, културата не треба да се сфаќа како нешто статично и затворено. Таа е жив организам што постојано се менува, се преиспитува и се збогатува. Особено младите генерации имаат клучна улога во обликувањето на културата на иднината. Тие не само што го наследуваат културното богатство, туку го надградуваат преку нови идеи, современи медиуми и сопствени форми на уметничко изразување.

Затоа е неопходно да се создава простор за културен дијалог, критичко размислување и слобода на изразување. Општеството што ја поддржува културата всушност инвестира во својата иднина, бидејќи културата ги развива креативноста, емпатијата, одговорноста и чувството за заедништво.

***Општество што не инвестира во културата на своите деца ризикува да изгуби генерации што ќе ја доживуваат уметноста како нешто далечно и недостижно.***

На крајот, наместо да чекаме некој друг да ги реши проблемите што ги препознаваме, треба да започнеме од самите себе. Да бидеме љубопитни, активни и доследни во своите вредности. Да не дозволиме важните прашања да останат неискажани. Само така ќе станеме глас што не само што се слуша, туку и остава трајна трага. Зашто културата не ја градат оние што молчат, туку оние што имаат храброст да размислуваат, да зборуваат, да создаваат и да инспирираат. Од начинот на кој денес ја негуваме културата зависи не само какво општество ќе изградиме, туку и какво детство, каква иднина и какви вредности ќе им оставиме на генерациите што доаѓаат.

# ЖРК „Астибо“ се повлече од Суперлигата

Одлука за повлекување од натпреварувањето во Супер лигата на Македонија донесе женскиот ракометен клуб Астибо кој минатата година изборi опстанок во елитното друштво. Одлуката значи дека нашиот женски ракометен клуб ќе игра во Првата лига. Причината за ваквиот потег е од финансиска природа, клубот нема доволно финансиски средства за натпрерварување во Супер лигата која бара значително повеќе пари од Првата лига.

Преку официјално соопштение испратено до медиумите ЖРК „Астибо“ соопшти:

„Управата на Ракометниот клуб Астибо ја известува јавноста дека во претстојната сезона клубот нема да настапува во Супер женската лига на Македонија, туку ќе продолжи со натпреварување во Првата женска лига. Оваа одлука е донесена првенствено поради финансиски причини. Учеството во Супер женската лигата бара финансиски средства кои во моментов го надминуваат реалниот буџет на клубот, поради што натамошниот настап на ова ниво моментално не е реално остварлив. Управата на РК Астибо сака да упати огромна благодарност до Општина Штип, која покрај финансиската поддршка, обезбедува и услови за тренирање, вклучително и сала за тренирање и натпреварување на нашиот тим, рекоа од клубот.

Од таму посебна благодарност упатија до Министерството за спорт на Република Македонија, за обезбедените финансиски средства кои значително придонесуваат за работата и функционирањето на клубот.

-„ЖРК Астибо располага со млада и квалитетна генерација ракометарки, кои минатата сезона




2025/2026 го освоија второто место во пионерска конкуренција. Настапот во Првата лига претставува одлична можност токму на овие млади пионерки да им се укаже доверба и минути на игра, а составот на тимот во голем дел ќе се потпира на играчки израснати во сопствената школа на клубот“, се вели во соопштението на клубот.

***Оваа одлука е донесена првенствено поради финансиски причини. Учеството во Супер женската лига бара финансиски средства кои во моментов го надминуваат реалниот буџет на клубот, се вели во соопштението испратено до медиумите.***

Клубот ќе продолжи да создава нови ракометни таленти, кои во иднина би го вратиле клубот во елитното друштво, оптимистички велат од ЖРК „Астибо“.



**Фатил Македонец златна рипка и почна да ја гњави за политика и рибата му вика:**
**– Дај испржи ме што побргу, жити мајка.**

**Наркоман фаќа златната риба:**
**– Ќе ти исполнам три желби ако ме пуштиш. Која ти е првата?**
**– Сакам да направиш две линии и заедно да ги ишмркаме!**
**Рибата направила две линии и заедно со наркоманот ги ишмркале.**
**– Добро, кажи ми ја втората желба.**
**– Дај по уште две линии за двајцата.**
**Пак ги шмркаат.**
**– Имаш уште една желба.**
**– Па… ајде дај уште две линии…**
**Ги шмркаат и тие линии, седат 5 минути и рибата му вика:**
**– Ајде, ајде, дај уште една желба!**

**Си биле тројца рибари и ловеле риба на Дојранско Езеро. Едниот фаќа златен крап. Крапот му проговорува со човечки глас.**
**– Пушти ме во водата и ќе ти дадам еден подарок.**
**– Каков подарок? – прашува заинтересирано рибарот.**
**– Избери си сам: Голема љубов, голема мудрост или милион денари.**
**– Сакам мудрост! – без многу размислување вели рибарот.**
**– Готово! – рекол златниот крап и скокнал во езерото.**
**Другите двајца рибари некое време го гледале својот пријател и конечно еден од нив рекол:**
**– Ајде кажи нешто мудро бе?**
**– Требаше да ги земам парите.**

**Нашинец фаќал риби во едно езеро во Италија. Фатил златна рипка:**
**– Пушти ме и ќе ти исполнам една желба! – го замолила рипката**
**Нашинецот се помислил и рекол:**
**– Направи мост од тука до Македонија, кога ќе тргнам нигде да не запирам.**
**Рипката:**
**– Тоа е 99% невозможно!**
**Нашинецот:**
**– Тогаш направи кога сме на печалба, нашите жени да не одат со други мажи.**
**Рипката:**
**– Со колку ленти сакаш да биде мостот?**






# ТР-МР




**Размислува: Iv. BOJ**

**Бугарите со 30 проценти не спречуваат**
**на патот за влез во ЕУ.**
**Останатите 70 проценти се чисто наша заслуга.**

.........................................................................

**Нашата власт смета дека**
**е најважно коалицијата да е стабилна.**
**За државата ќе видела...**

.........................................................................

**Државата е како градина, ако сакаш да успее**
**мора да го исчистиш коровот.**
**А коровот кај нас најмногу успева**
**Сите станаа доктори на науки, нема кој да чисти...**

.........................................................................

**Да живее Македонија!**
**Ама прашањето е:**
**од што да живее?**

.........................................................................

**Најголем дел од фудбалерите**
**на ФК Брегалница се од различни држави.**
**Градот ги доби своите „Обединети нации“.**

| | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| 5 | 3 | | | 7 | | | | |
| 6 | | | 1 | 9 | 5 | | | |
| | 9 | 8 | | | | | 6 | |
| 8 | | | | 6 | | | | 3 |
| 4 | | | 8 | | 3 | | | 1 |
| 7 | | | | 2 | | | | 6 |
| | 6 | | | | | 2 | 8 | |
| | | | 4 | 1 | 9 | | | 5 |
| | | | | 8 | | | 7 | 9 |




## ИМПРЕСУМ

Издавач: Медиум Боја 43 – Штип
Седиште на фирмата и адреса на редакцијата:
Ул. „Тошо Арсов“ бр. 23 – 2000 Штип

Одговорно лице: Иван Бојаџиски

Излегува еднаш месечно
Првиот број излезе во месец април, 2009 година
Главен и одговорен уредник:
Иван Бојаџиски 078/375582

Графички уредник:
Јорданчо Бојаџиски, 078/473094

Овој број е отпечатен на 30.07.2026 година
Тираж: 1.000 примероци

Ж-ка: 290000002136767
Едб:4029019522191
Т.Т.К. банка А.Д. Скопје
Годишна претплата: 180 денари.

Печати: Европа 92-Кочани,
ул. „Крижевска“ бр. 52

За Штипски глас
се плаќа повластена даночна стапка од 5%

ISSN 2545-4498
Непотпишаните текстови се на Иван Бојаџиски

совет за етика во медиумите на македонија

Нашата редакција е членка на Советот за етика во медиумите на Македонија (СЕММ), со што целосно се залагаме за почитување на етиката и професионалните стандарди во известувањето. СЕММ е тело за саморегулација во медиумите и е орган што ги разгледува и одлучува по жалбите во однос на известувањето на медиумите .

| Ш.Г. | Госпоѓа (тур.) | Индиго билка | Загари | Болно прецену-вање на самиот себе | Вид краток мач | Композ. за девет гласа | Спев | Пејачката Бренин-генерал | Филм со Мадона | Кошарк. сојуз на Македон. (скр.) | Збир на анатомски елементи | Кивавица (мед.) | Ампер |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| ***Артистка на фотосот*** | | | | | | | | | | | | | |
| Наш поет | | | | | | | | | | | | | Почнување нешто потик-нување |
| Старо грчки философ | | | | | | | Град во Италија / Тантал | | | | | | |
| Ориен-тална слатка | | | | | Држава (фр.) / Ангстрем | | | | | Герм. физичар Макс / Наш пејач | | | |
| Азот | | Мираз при-ќе (лат) / Дел од трамвај | | | | | | Итал. градител на виолин. Никола | | | | | |
| Коњ | | | Кислород / Египет. фараон | |  | | | | Прва буква | | Иван Цанкар / Хирурш. интервенц. | | |
| Ш.Г. | Стар град на Дунав / Португ. фуд.клуб | | | | | | | | Екс Итал. фудбалер Паоло | | | | |
| Девојка | | | | | | | | | Иво Патиера | | | Јод / Муслим. женско име | |
| Пејачот Славица | | | | | | | | | Езеро во Шпанија | | | | |
| Повреди | | | | | | | | | Старо-грчки диктатич. поет | | | | |
| Италија | | Елизабета Јосифовска / Автомоб. Фитипалди | | | | | | | Град во Кенија | | | | |
| Предмет на расправа | | | | | Малајски отров за стрели | Домашно говедо | Ш.Г. | Екс Амер. ганстер Ал | Наш рево. Мирче / Вид екс-плозив | | | | |
| Назив | | | | Креатор Сен Лоран / Спротив-ставување | | | Пустинско животно / Сател. на Јупитер | | | | | | |
| Античка област во Азија | | | | | | | | | | | | | Падеж во Угро-фи-нските јазици |
| Стара франц. пара | | | Роман од С. Попов / Турски големец | | | | | | | | | Шпанија / Зимски спорт | |
| Ш.Г. | Рачка на нож или сабја / Галиум | | | | Унгар. политичар Милтон / Иван Точко | | | | | | Исти букви / Сплит | | |
| Наш писател | | | | | | | | | | | | | |
| Жител на Потисје | | | | | | | Апсолутен супер-латив | | | | | | |

GREEN GARDEN
RESIDENTIAL COMPLEX

СОВРЕМЕН И КВАЛИТЕТЕН НАЧИН НА ДОМУВАЊЕ
*по најповолни цени...*



НОВ СТАНБЕН КОМПЛЕКС ВО ШТИП

070 22 22 07
070 24 24 22
www.aktivagreengarden.mk
info@aktivagreengarden.mk

- ВИСОКО КВАЛИТЕТНА ГРАДБА
- ЕНЕРГЕТСКА ЕФИКАСНОСТ А КЛАСА
- СОПСТВЕНО ЦЕНТРАЛНО ГРЕЕЊЕ
- ГАСНА ИНСТАЛАЦИЈА ЗА СЕКОЈ СТАН
- ОБЕЗБЕДЕН ПАРКИНГ ПРОСТОР
- ЦЕНТРАЛЕН ПАРК СО ВОДЕНИ ПОВРШИНИ

AKTIVA